ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “ВОДОВОД” ц.о.
Ndermarrja publike “VODOVOD” c.o.
Бр.Nr. 05-534/1
02.03.2020 год. viti
КУМАНОВО – KUMANOVE

Друштво за производство промет и услуги сервис за пламеници ЕЛТИС КОМПАНИ ДООЕЛ Бр. 005/20 06.03.2020 год. Скопје

# ДОГОВОР

## За јавна набавка на резервни делови за котел на гас за парно греење и сервисирање за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово

Склучен на ден 02.03.2020 година помеѓу:

1. ЈП ВОДОВОД Куманово, со седиште во Куманово на ул.Фетка Наскова бр.22 Куманово застапувано од Горан Стојковски, ВД Директор, во понатамошен текст: Договорен орган, и

2. Друштво за производство промет и услуги сервис за пламеници ЕЛТИС КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје ,со седиште на ул.Нилола Парапунов бр.3А 51/1 Скопје со МБС 5297567, застапувано од Управителот Дијана Блажевска Чаловска , во понатамошен текст: Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка и испорака на **резервни делови за котел на гас за парно греење и сервисирање** , согласно техничката спецификација и прифатената понуда , согласно одлуката за јавна набавка од 20.02.2020 год, по оглас бр. **02718/2020**, и одлуката за избор на најповолна понуда од 28.02.2020 година.

Спецификацијата на предметот на набавката и квалитетет е дадена во техничката понуда која со понудата е во прилог на договорот.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вредноста на набавката од член 1 на овој договор изнесува 279.188,ОО денари со пресметан ДДВ, односно вкупна вредност без ДДВ 236.600,00 денари и ДДВ на износ од 42.588,00 денари.

Утврдените цени во Понудат на носителот на набавката се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 3**

Носителот на набавката се обврзува предметот на договорот да го испорачува сукцесивно во рок од 15 дена од денот на прием на писмената порачка на локација во магацин на ЈП ВОДОВОД Куманово на ул.Фетка Наскова бр.22 Куманово.

Сервисирањето ќе го врши по потреба и барање од страна на Договорниот орган во котлара која се наоѓа во седиштето на договорниот орган во Куманово ул.Фетка Наскова бр.22.

Испораката на стоката се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

Во колку поради ненавремена испорака од страна на Носителот на набавката ќе предизвикаат штетни последици кај Договорниот орган истиот може да бара и надомест на штета.

## КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

**Член 4**

Квантитативниот и квалитативниот прием на предметот на набавката ќе го вршат лица овластени од страна на ЈП ВОДОВОД Куманово.

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка опишан во член 1 од овој Договор, врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Документот (испратница) треба да е пополнет во три примероци и мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од Договорниот орган.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката опишан во Член 1 од овој Договор согласно со квалитетот и техничките специфкации (барања) и карактеристики наведени во техничката понудата која е составен дел на Договорот.

14

Доколку квалитетот отстапува од утврдениот во овој договор, набавувачот има право да бара замена на предметот на набавката доколку е тоа можно, а доколку Носителот на набавката не ја изврши замената, Договорниот орган го задржува правото да бара надомест на штета.

**Член 5**

Испорака на предметот на набавката, Носителот на набавката ќе врши исклучиво врз основа на порачка на Договорниот орган.

Порачката од став 1 на овој член ја издава Договорниот орган и истата треба да биде потпишана од овластено лице.

**Член 6**

Порачката за предметот на набавката ќе содржи: вид на стока и количина .

Секоја испорака на предметот на набавката од страна на Носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка од Договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Носителот на набавката.

**Член 7**

## ГАРАНТЕН РОК

Гарантниот рок на нововградените резервни делови ќе изнесува 12 месеци сметано од денот на вградувањето.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на испорака на стоката и прием на фактурата со целокупната пропратна, уредно заверена, документација, во архивата на ЈП Водовод Куманово.

Составен дел на фактурата е испратницата потпишана од двете договорни старни.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ,НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Во случај на доцнење со неиспорака на резервните делови или сервисирање на предметот на набавката од член 1 од овој договор од страна на Носителот на услугата , неисполнување или неквалитетно извршување на услугите Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,5 % од вредноста на договорот за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната вредност на договорот определена со член 2 од овој договор.

## ВИША СИЛА

**Член 10**

Договорниот орган и носителот на услугата се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба , повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на настапување на виша сила и ќе договорат нови услови за негово исполнување или ќе го раскинат договорот .

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска на начин како што е определено со одредбите од овој договор другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот а во секој случај има право на надомест на штета.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна ,посмено ќе побара исполнување на обврската и ќе остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

14

Ако договорната страна не ја исполнила својата обврска ниту во определениот рок , ниту во дополнителниот примерен рок , другата договорна страна може да го раскине договорот и има право да бара надомест на штета.

**Член 12**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е за тоа да ја извести другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**Член 13**

Сите евентуални недоразбирања кои можат да произлезат од овој договор договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а во случај на спор кој не може да се реши спогодбено за истиот за надлежен се определува надлежен суд во Куманово.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 14**

За се што не е пропишано со овој договор ќе се применува Законот за облигациони односи и други важечки прописи во Република Македонија кои имаат примена.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 15**

Изменувања и дополнувања на договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува и дополнува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи и тендерската документација.

**Член 16**

Овој договор е составен и потпишан во 4 (четири) истоветни и полноважни примероци од кои по два за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавка |
| ЈП ВОДОВОД Куманово | ЕЛТИС КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје |
| Горан Стојковски | Дијана Блажевска Чаловска |
| Одговорно лице | Одговорно лице |

II.2. Прифаќаме предметот на набавката да се **испорачува сукцесивно** како и услугата за сервисирање според потребите на Договорниот орган најдоцна во рок од **15 (петнаесет) дена** по прием на писмена порачка од Договорниот орган на локација во дирекција на ЈП "Водовод" Куманово ул Фетка Наскова бр 22 .

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: _______236.600,00_________________________________________ *[со бројки]* (______двестатриесетишест илјади и шестотини денари__________) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ___42.588,00ден______.

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| Ред. бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Котел(горилник) на гас за парно греење тип:GierschMG 10*** | | | | | | |
| 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | *Двоен магнетен вентил за котел (горилник) OG30 или еквивалентно* | *парче* | *1* | *113.200,00* | *113.200,00* | *20.376,00* |
| 2 | *Автоматика за котел (горилник) Honeuwell DM или еквивалентно* | *парче* | *1* | *28.800,00* | *28.800,00* | *5.184,00* |
| 3 | *Електроди за котел(горилник)* | *сет* | *1* | *10.300,00* | *10.300,00* | *1.854,00* |
| 4 | *Сервомотор за котел(горилник) СТА или еквивалентно* | *парче* | *1* | *46.800,00* | *46.800,00* | *8.424,00* |
| 5 | *Сервисирањена □□□□□(горилник)(чистење на пламена цевка, пламенарешетка, електродите,филтрите,деловитена горилникот, контрола на пресостатите за плин □ воздух, контрола на регулаторот за гас, притисокот на гас, испитување на дихтување)* | *парче* | *1* | *15.000,00* | *15.000,00* | *2.700,00* |
| 6 | *Компјутерско штелување со мерење на емисија на издувни гасови при согорувањето со гасен анализатор □ оставање на печатен примерок.* | *парче* | *1* | *3.500,00* | *3.500,00* | *630,00* |
| 7 | *Работен час* | *работен час* | *10* | *1.900,00* | *19.000,00* | *3.420,00* |

III.3. Прифаќаме **рокот на плаќање** да биде **60 (шеесет) дена** од денот на прием на предметот на набавката и доставена фактура во архивата на ЈП Водовод Куманово. Составен дел на фактурата е испратницата потпишана од двете договорни страни.

III.4.Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација, односно **180 дена** од денот на отварање на понудите.

III.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме сите услови предвидени во тендерската документација и техничка спецификација .

Одговорно лице*

Место и датум

Скопје, 21.02.2020_____

______________________________

(потпис)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*